До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое се бара мислење во врска со две ситуации и тоа:

1. Дали овластен градежен инспектор може да биде вклучен во постапка за јавни набавки каде се избира проектант, надзор и изведувач на градежни работи за потребите на општината?
2. Дали овластен градежен инспектор може да биде назначен за одговорно лице за следење на текот и постапката на склучен договор за градежни работи од страна на општината, каде општината е договорен орган (инвеститор)?

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор врз инвеститорот, проектантот, надзорот, изведувачот и проверка на управните акти (одобрение) за градба од втора категорија.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:

„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од истиот закон под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Со член 72 став (1) и (2) од истиот закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси, додека член 75 став (1) предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси.

Тргнувајќи од наведените членови од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а со оглед на тоа дека Државната комисија не располага со документација во однос на работните задачи на овластениот градежен инспектор, укажуваме дека исто лице не треба да биде вклучено во постапка за спроведување на јавна набавка каде се избира проектант, надзор и изведувач на градежни работи за потребите на општината, како и тоа истото лице биде одговорно лице за следење на текот на склучениот договор каде општината се јавува како инвеститор, а потоа како овластен градежен инспектор да врши инспекциски надзор врз истиот инвеститор, проектант, изведувач кои го склучиле договорот за јавна набавка.

Имено, овластениот градежен инспектор доколку биде вклучен во горенаведената јавна набавка не може да врши надзор врз истата, со цел да се обезбеди објективност при натамошното спроведување на истата, а исто така да се избегне прекршување на одредбите од член 9 и 10 од Етичкиот кодекс на инспекторите кои ја предвидуваат непристарсноста кај инспекторите, како и прекршување на член 17 и 18 од истиот кодекс, по што лицето треба да постапи согласно член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Воедно, овластениот градежен инспектор при вршењето на службените должности потребно е да го има во предвид и начелото на интегритет утврдено во член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk